Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 02-556/3
Охрид, 26.10 2026 год.

1Врз основа на член 97, став 6, точка 3 и став 12 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21, 58/24 и 124/25), член 137 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид (арх. бр. 01-156/1 од 08.02.2019 година), точка 28 од Упатството за постапката за избор на ректор (арх. бр. 02-478/4 од 25.09.2026 година), а врз основа на Записник од сумирани резултати од гласањето за избор на ректор на единиците на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид (арх. бр. 02-556/2 од 26.10.2026 година) и со оглед на утврдениот факт дека не е поднесен приговор во предвидениот рок, Универзитетската изборна комисија на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, на состанок одржан на ден 26.10.2026 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
за утврдување избран кандидат за ректор
за мандатен период 2026-2029

1. Врз основа на сумираните резултати од тајното гласање за избор на ректор на единците на Универзитетот, **за ректор на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид е избран проф. д-р Атанас Христов,** редовен професор на Факултетот за информатички и комуникациски науки.
2. Записникот на Универзитетската изборна комисија со сумираните резултати од гласањето за избор на ректор на единиците на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, е составен дел од оваа одлука.
3. Мандатот на избраниот ректор трае 3 (три) години.
4. Правата и обврските на ректорот се утврдени со Законот за високото образование, Статутот и со други акти на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид.
5. Мандатот на избраниот ректор трае 3 (три) години, почнувајќи од ден 26.10.2026 година, кога стапува на должност, а ќе трае до ден 25.10.2029 година.
6. Правата и обврските на ректорот се утврдени со Законот за високото образование, Статутот и со други акти на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид.
7. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето. Одлуката да се достави до кандидатот за ректор, до деканите на единиците и да се објави на веб страната на Универзитетот.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поведе управен спор со поднесување тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот.

претседател
на Универзитетската изборна комисија

проф. д-р Анис Сефиданис